08-4352/1
09-07-2026

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 став 3 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 33 – та седница одржана на ден 11.06.2026 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со бр. 08-5824/1 од 30.12.2019 година, оформен по поднесена анонимна пријава против лицето -----------, поранешен градоначалник на општина ------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5824/1 од 30.12.2019 година.

Предметот со број 08-5824/1 од 30.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена анонимна пријава со бр. 08-5824/1 од 30.12.2019 година, против --------, градоначалник на општина ----------- во тоа време, со наводи за несразмерно зголемување на неговиот имот.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ----------- и за имотот на членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По извршената анализа на обезбедените податоци од надлежните институции утврдено е дека лицето ------------ поседува недвижен имот запишан на имотен лист 3161 КО --------- со површина од 3941 м2 и сопственост ½. Исто така нема пријавено недвижен имот запишан на имотен лист 1403 КО --------- со површина од 6955 м2 и сопственост 1/1. Нема пријавено недвижен имот запишан на имотен лист 1323 КО -

-------- со површина од 3806 м2 и сопственост 1/1 како и недвижен имот запишан на имотен лист 286 КО --------- со површина 1107 м2 сопственост 1/2 .

Избраното лице ------- во анкетниот лист доставен до Државната комисија за спречување на корупцијата нема пријавено и ПМВ OPEL Antara произведена 2014 година стекната на 12.11.2019 година и ПМВ BMW 525 произведено 2004 година стекнато 26.06.2020 година во сопственост на неговиот син ------. Исто така нема пријавено ПМВ Volkswagen GOLF произведен 2004 година стекнат на 13.10.2017 година во сопственост на неговиот син ---------------.

Исто така, именуваниот во анкетниот лист нема пријавено дивиденди и други приходи остварени со учество во добивка кај правни и физички лица во БТО вресност од 2.666.667.00 денари видно од ПДД-ГДП за 2017 година на лицето ---------.

Исто така не ги има пријавено и правните лица ДПУТ Г.П. ------ во негова сопственост и ДПГТТУ ----------- ДООЕЛ.

Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ" бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Во конкретниот случај, за избор и престанок на функција градоначалник лицето ----- имал обврска да достави, потполни анкетни листови односно обрасци за промена на имотна состојба во рок од 30 дена од денот именувањето односно престанокот на функцијата односно од промената на имотната состојба. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Б.С., советник
Согласен: К.З., р.с.
Одобрил/Miratoi: В.ХН., член/anëtar